УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр. УП1-11/4-380/2019

Дата. 27-11-2019

ДО: Адвокатско Друштво "ТОШИЌ и ЈЕВТИЌ"
ул. "Аминта III" бр. 38/1-2
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Доставување на Решение

ВРСКА: Ваш број 03-630/1 од 03.10.2019 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Решение број УП1-11/4-380/2019, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект – Интегрирана употреба и третман на отпадните води од рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот ДПТ "БУЛМАК 2016" ДООЕЛ од Пробиштип.

Со почит,

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирале: Дејана Тодоровска
Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Прилог:

Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за проект – Интегрирана употреба и третман на отпадните води од рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот ДПТ "БУЛМАК 2016" ДООЕЛ од Пробиштип;


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

27 -11- 2019

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајќи по барањето на Адвокатско Друштво "ТОШИЌ и ЈЕВТИЌ" од Скопје, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-380/2019 од 03.10.2019 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

## РЕШЕНИЕ
### За одобрување на Елаборат за заштита на животната средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина со технички број ЕЖС_198_12/17 од 2019 година, изготвен од страна на "ТЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО од Скопје, за проект – Интегрирана употреба и третман на отпадните води од рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот ДПТ "БУЛМАК 2016" ДООЕЛ од Пробиштип.

2. Од доставената документација констатирано е дека со изведбата и функционирањето на проектот – Интегрирана употреба и третман на отпадните води од рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животната средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето на проектот се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## Образложение

Од страна на Адвокатско Друштво "ТОШИЌ и ЈЕВТИЌ" од Скопје беше доставен Елаборат за заштита на животната средина за проект – Интегрирана употреба и третман на отпадните води од рудникот "Тораница" во општина Крива Паланка, за потребите на инвеститорот ДПТ "БУЛМАК 2016" ДООЕЛ од Пробиштип.

Локацијата на која е предвидена изведбата на проектот – Интегрирана употреба и третман на отпадните води е во склоп на рудникот "Тораница", КО Костур во општина Крива Паланка

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ДПТУ "ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др." ДОО од Скопје.

**Правна поука**: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Директор на
Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Република Северна Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје
Shkup Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Влатко Цветаноски
Контролирале: Дејана Тодоровска
Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Xhezmi Saliu


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk